View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
brought to you by CORE
provided by UGD Academic Repository

Младен Мицевски



# АНИМАЦИИ ВО ТУРИЗМОТ: ХОТЕЛСКА АНИМАЦИЈА – ПРИМЕРИ И ПРАКТИКИ

2019

**Младен Мицевски**

# Анимации во туризмот: хотелска анимација – примери и практики

Скопје, 2019

**Автор:**
Младен Мицевски

АНИМАЦИИ ВО ТУРИЗМОТ: ХОТЕЛСКА АНИМАЦИЈА – ПРИМЕРИ И ПРАКТИКИ

**Рецензенти:**
проф. д-р Дејан Методијески
проф. д-р Оливер Филипоски

**Лектор:**
м-р Лидија Ташева

**Компјутерска обработка и дизајн на корицата:**
Младен Мицевски

**Издавач:**
ЗГ ТУРИСТИКА СКОПЈЕ

**Печати:**
2 ри Август, Штип

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

338.482:005.346

МИЦЕВСКИ, Младен
Анимации во туризмот : хотелска анимација - примери и практики / Младен Мицевски. - Скопје : Туристика, 2019. - 91 стр. : илистр. ; 30 см

Библиографија: стр. 101-102

ISBN 978-608-4872-02-3

а) Туристичка анимација
COBISS.MK-ID 111765770

## Предговор

По четirимесечниот практичен студентски престој во тимот за хотелски анимации во Шпанија (како завршен семестар од додипломските студии и изработката на дипломскиот труд), авторот на овој труд прави обид да даде осврт на хотелската анимација во Шпанија. Преку изнесување на информациите за програмите, за дневните и вечерните активности спроведувани од страна на анимациските тимови во хотелите низ Шпанија, фокусирајќи се на менаџмент-процесите на целиот анимациски сектор, иновациите, трендовите и вештините, е претставена детална слика за тоа што претставуваат хотелските анимации за хотелската индустрија во Шпанија. Дополнително, во овој труд е даден осврт за хотелските анимации во Северна Македонија благодарејќи на истражувањето спроведено од авторот. Резултатите се однесуваат на нивото на имплементацијата на хотелските анимации во хотелите низ цела Северна Македонија, активностите што се спроведувани од нивна страна и начинот на кој се прави сето тоа од страна на хотелите кои се имаат изјаснето дека спроведуваат некаков тип анимациски активности. На крај, користејќи го методот на компаративната анализа, споредени се хотелските анимации во Шпанија и во Северна Македонија и е додаден краток дел со сугестии за можностите за аплицирање на „поагресивна“ анимациска политика во македонските хотели.

Авторот искрено се надева дека ќе успее да придонесе за популаризирање на професијата аниматор во угостителско-туристичката индустрија и дека овој труд ќе најде свое место меѓу идните потенцијални аниматори и менаџери. Овој труд може да им биде од помош и на сите оние коишто се занимаваат со изучувањето на угостителско-туристичката теорија и практика.

Авторот ја користи оваа можност неизмерно да им се заблагодари на проф. д-р Дејан Методијески и на проф. д-р Оливер Филипоски за извршената рецензија и за насоките дадени за подобрување на овој труд. Воедно, се упатува апел до сите оние кои би забележале можности за подобрување и усовршување на овој труд, своите ставови да ги споделат со авторот.

Со почит,

Авторот

**СОДРЖИНА**

**ВОВЕД** ........ **11**

**АНИМАЦИИ ВО ТУРИЗМОТ И ХОТЕЛИЕРСТВОТО** ........ **13**

**1. ПОИМНО-ТЕРМИНОЛОШКО ДЕТЕРМИНИРАЊЕ НА АНИМАЦИЈАТА И НЕЈЗИНА ПОЈАВА** ........ **13**

**2. ОПШТИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА НАУЧНИТЕ МЕТОДИ И ТЕХНИКИ СООДВЕТНИ ЗА ТУРИСТИЧКАТА АНИМАЦИЈА** ........ **15**

2.1. Аналитичките и синтетичките методи како основни научни методи .. 16
2.2. Општи научни методи ........ 18
2.3. Останати значајни научноистражувачки методи и техники ........ 18

**3. НАЈЧЕСТО КОРИСТЕНИ МЕТОДИ И ТЕХНИКИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ТУРИСТИЧКАТА АНИМАЦИЈА** ........ **18**

3.1. Основните и општите методи низ призмата на туристичката анимација ........ 18
3.2. Други методи, техники и инструменти низ призмата на туристичката анимација ........ 20
*3.2.1. Метод на дескрипција ........ 20*
*3.2.2. Генетички и историски метод ........ 21*
*3.2.3. Емпириски метод ........ 21*
*3.2.4. Техника на набљудување ........ 22*
*3.2.5. Техника на анкетирање ........ 23*
*3.2.6. Техника на интервјуирање ........ 23*
*3.2.7. Делфи метод ........ 24*
*3.2.8. Анализа на содржина и анализа на документи ........ 24*
*3.2.9. Студија на случај ........ 25*

**4. ХОТЕЛСКАТА АНИМАЦИЈА ВО ХОТЕЛСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО ШПАНИЈА** ........ **26**

4.1. Занимањето туристичка анимација во шпанското законодавство .... 27
4.2. Организациска поставеност во секторот на хотелската анимација во Шпанија - примерот на *MedPlaya Hotel Bali* ........ 29
4.3. Анимациска програма во шпанските хотели ........ 33
*4.3.1. Анимациска програма според сезоната ........ 33*
*4.3.2. Опрема, средства и инсталации потребни за спроведување на анимациската програма ........ 34*
*4.3.3. Анимациска програма според возрасните категории и распоред на анимациските активности ........ 36*
*4.3.4. Анимациска програма за врнежливи денови и специјални денови ........ 49*
4.4. Трендови во хотелската анимација во Шпанија ........ 51

4.5. Промоција на анимациските програми ............................................. 54
**ХОТЕЛСКАТА АНИМАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА............58**
**1. ХОТЕЛСКАТА АНИМАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ИСТРАЖУВАЊЕ.......................................................................................................58**
1.1. Цели, предмет и хипотези во истражувањето.................................... 59
1.2. Начин и методи на истражување ....................................................... 60
*1.2.1. Квалитативни и квантитативни истражувачки методи ..... 61*
*1.2.2. Планирање, составување на анкетата и селектирање на испитаниците........................................................................................ 61*
*1.2.3. Собирање податоци ................................................................ 62*
*1.2.4. Анализирање податоци........................................................... 63*
*1.2.5. Репрезентативност, релевантност и валидност на одговорите................................................................................................. 63*
1.3. Резултати од истражувањето ............................................................ 63
1.4. Хотелската анимација во македонските хотели ................................ 65
1.5. Резултати од хотелите кои не спроведуваат анимациски содржини .. 73
1.6. Анализа на интернет-извори во врска со хотелската анимација во Република Северна Македонија ...................................................................... 74
**2. КОМПАРАЦИЈА ПОМЕЃУ ХОТЕЛСКАТА АНИМАЦИЈА ВО ШПАНИЈА И ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА...........................................................................80**
**3. НАСОКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА СО ХОТЕЛСКАТА АНИМАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.....................................84**
**ЗАКЛУЧОК...........................................................................................................87**
**ПРИЛОЗИ И ДОДАТОЦИ ....................................................................................89**
Прилог 1................................................................................................. 89
Прилог 2. Фотографии ............................................................................ 97
**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА (REFERENCES) .................................................101**

## Вовед

Туризмот и хотелиерството и услугите кои се понудени од нивна страна, можат да се пронајдат многу одамна доколку се навратиме во историското минато, иако не во форма во која денес ги познаваме. Имено, потребата од патување и преноќевање во текот на патувањата постоела отсекогаш. Дополнително на ова се присоединува и потребата од исхрана. Овие две многу значајни компоненти на хотелиерството се во неговата основа и се примарна цел. Техничко-технолошкиот развој придонел за бројни позитивни ефекти кои со текот на времето се аплицирале во угостителската индустрија и истите биле насочени кон зголемување на нивото на услугите, а последователно на тоа и на бенефитите.

Хотелската индустрија одамна се соочува со низа предизвици. Голем број туристи кои знаат што сакаат и имаат диференцирани и истенчени вкусови и потреби, ги поминуваат своите одмори, службени и приватни патувања, преноќувајќи во хотелските соби и притоа остваруваат туристички промет. Тие покрај основните услуги бараат и очекуваат поголемо внимание и поголем број услуги кои се јавуваат како дополнителни. Ова укажува на тоа дека хотелиерите и туристичките работници се ставени во позиција да иновираат и да понудуваат многу поголем спектар на услугите и на случувањата во своите хотели. Од овие причини се појавиле, а денес сè повеќе се развиваат, низа дополнителни услуги кои им го исполнуваат слободното време на клиентите, а од друга страна на хотелиерите и на туристичките работници им обезбедуваат генерирање дополнителни финансиски бенефити.

Огромниот број дополнителни услуги кои може да се понудат во една хотелска единица денес се доведени до ниво на висока професионалност, така што истите се развиваат, се унапредуваат и се изделуваат како посебни сектори т.е. оддели во хотелската организација.

Токму таков е примерот со употребата на туристичката анимација во хотелската индустрија. Секако, на ова се надополнува и туристичката индустрија. Потребно е исполнување на времето на клиентите кои престојуваат во хотелските капацитети со активности преку кои ќе бидат активни, ќе немаат потреба да ја напуштаат хотелската единица за да се забавуваат, ќе остварат контакти со други клиенти, едноставно ќе влезат во процес на социјализирање во текот на своите одмори или патувања од различни причини. Сето ова придонесува за создавање програми кои ќе бидат насочени кон

спроведување активности и настани кои ќе ги постигнат овие цели. Одвоени како посебни оддели во хотелските капацитети, денес во хотелите низ светот функционира одделот за анимација на клиентите. Оваа професија која ја избираат многу млади луѓе придонесува за оформување на една позитивна слика за самиот хотел и за многу од клиентите да посетуваат одредена единица, благодарејќи на забавата што се спроведува во хотелот.

Во продолжение туристичката и хотелската анимација ќе бидат елаборирани како централна тема на овој труд, а преку неа ќе бидат споменати начините на кои може да се истражува оваа појава. Поконкретно, задачата на овој труд е преку примерот на анимациите коишто се спроведуваат во хотелите низ Шпанија да се долови една генерална слика за оваа професија, пред сè, значењето на истата за хотелската индустрија и за нејзиниот напредок. Поради непостоење доволно податоци поврзани со хотелската анимација во Република Северна Македонија, за целите на овој труд се спроведе истражување кое дава информации за постоењето и начинот на организирање на хотелската анимација во Северна Македонија. Всушност, целта на овој труд е да се направи компаративна анализа меѓу хотелските анимации во Шпанија и во Северна Македонија и да се дадат насоки за унапредување на онаа која има недостатоци, во овој случај онаа во Северна Македонија. Низ целиот труд се провлекуваат најразлични методи коишто се карактеристични за истражувањето на туристичката и хотелската анимација и ќе бидат подетално објаснети.



Младен Мицевски е роден на 24 јуни 1994 година во Скопје. Своето основно образование го завршува во Кратово. Таму продолжува и завршува средно гимназиско образование во СОУ „Митко Пенџуклиски“ – Кратово.

Во 2013 се запишува на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Дипломира во 2017 на катедрата за Гастрономија, исхрана и диететика со звање дипломиран менаџер по угостителство и диететика. Доделено му е признание за постигнат најдобар успех во студирањето - дипломиран со највисок среден успех (10) на Факултетот за туризам и бизнис логистика (27 март 2018). Во текот на студиите реализира повеќемесечни практични престои во неколку угостителско-туристички организации во Германија, Шпанија и Северна Македонија и е меѓу првите ЕРАЗМУС+ студенти од Универзитетот кој ја има реализирано програмата за пракса.

Присуствувал на поголем број конгреси и конференции од областа на туризмот и угостителството во земјата и странство, а исто така учествува и реализира повеќе проекти и настани од истите области. Активен волонтер е во неколку здруженија од областа на туризмот, екологијата и младинскиот активизам.

Денес, работи како наставник по стручни предмети од угостителско-туристичка струка во СОУ „Митко Пенџуклиски“ во Кратово, а воедно следи постдипломски студии на катедрата за Меѓународен туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

